***УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ***

***Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.***

Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно совет со лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате лекот претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на неколку дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

**Упатството за пациентот содржи:**


1. *Што претставува ЛИНЕСПОР® Феме и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите ЛИНЕСПОР® Феме*
3. *Како да го употребувате ЛИНЕСПОР® Феме*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на ЛИНЕСПОР® Феме*


**LINESPOR® Femme/ЛИНЕСПОР® Феме, вагинални капсули, тврди**

живи лиофилизирани млечно-киселински бактерии 4x10 $^{9}$ CFU / капсула*

Активни супстанции: Lactobacillus delbrueckii ssp. bulgaricus HA-137, Lactobacillus rhamnosus HA – 111, Lactobacillus acidophilus HA – 122, Streptococcus thermophilus HA – 110/4x10 $^{9}$ CFU / капсула

* Во микробиологија, CFU претставува мерка за бројот на живи бактерии или габи.

Помошни супстанции: лактоза монохидрат, магнезиум стеарат, аскорбинска киселина.

Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ-Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ-Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

**1. Што претставува ЛИНЕСПОР® Феме и за што се употребува**

1 вагинална капсула, тврда содржи живи лиофилизирани млечно-киселински бактерии 4x10 $^{9}$ CFU / капсула:

| | |
|---|---|
| Lactobacillus acidophilus HA - 122 | 1.32 mg |
| Lactobacillus rhamnosus HA - 111 | 16.50 mg |
| Streptococcus thermophilus HA - 110 | 3.43 mg |
| Lactobacillus delbrueckii ssp. bulgaricus HA-137 | 5.94 mg |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Содржина на пакувањето:
Кутија со 10 вагинални капсули, тврди во пластичен контејнер.

Линеспор® Феме вагиналните капсули содржат живи лиофилизирани млечно-киселински бактерии, што нормално се присутни во вагиналната флора. Доколку настанат нарушувања во флората на вагината, може да се појават инфекции.
Млечно-киселинските бактерии ја намалуваат pH вредноста на вагината со создавање на млечна киселина. Намалениот pH во вагината не одговара на развитокот на патогените бактерии. На тој начин се нормализира и се одржува рамнотежата на вагиналната флора.
Линеспор® Феме вагиналните капсули се употребуваат за превенција и третман на вагиноза (болест на вагината) од различно потекло. Овозможуваат брзо ублажување на вагиналната нелагодност како што се: непријатната миризба, чешањето , невообичаената секреција.

**2. Што треба да знаете пред да го употребувате ЛИНЕСПОР® Феме**

**Немојте да го употребувате ЛИНЕСПОР® Феме:**

- при тешка иритација или присуство на улкуси (ранички) на вагиналната мукоза.

**Бидете посебно внимателни со ЛИНЕСПОР® Феме:**

Се препорачува вагиналните капсули да се употребуваат навечер. При третман на акутни процеси во вагината, Линеспор® Феме вагиналните капсули треба да се употребуваат неколку дена после започнувањето на антибактерискиот третман и уште неколку дена по завршување на антибактерискиот третман.

**Употребување на ЛИНЕСПОР® Феме со храна и со напиток**

Линеспор® Феме вагиналните капсули се наменети за вагинална употреба, затоа храната и пијалоците не влијаат на ефикасноста на лекот.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремени (или мислите дека можеби сте бремени).
Линеспор® Феме вагиналните капсули може да се употребуваат за време на бременост.

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Линеспор® Феме вагиналните капсули може да се употребуваат за време на доење.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Линеспор® Феме вагиналните капсули не влијаат врз способноста за возење или ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на ЛИНЕСПОР® Феме**

Линеспор® Феме вагиналните капсули не содржат помошни супстанции за кои би требало да бидете предупредени.

**Употребување на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Линеспор® Феме вагиналните капсули може да се употребуваат во терапија со сулфаниламиди, антибиотици, метронидазол и други лекови.

**3. Како да се употребува ЛИНЕСПОР® Феме**

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.

Во легната положба, капсулата се става длабоко во вагината. Се употребува 1 капсула, еднаш на ден, во тек на 10 дена.

*Ако имате впечаток дека ефектот на ЛИНЕСПОР® Феме е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте употребиле поголема доза ЛИНЕСПОР® Феме отколку што треба**

Не е можно предозирање при употреба на Линеспор® Феме вагиналните капсули.

**Ако сте заборавиле да употребите ЛИНЕСПОР® Феме**

Ако сте испуштиле или заборавиле да го употребите лекот, употребете го што побрзо. Ако се приближува времето за наредната доза, почекајте, не ја земајте пропуштената доза но земете ја наредната доза.

*Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

**4. Можни несакани дејства**

Нема некои позначајни предупредувања за несаканите ефекти на Линеспор® Феме вагиналните капсули. Постои можност за појава на преосетливост кон желатинската капсула или некоја од составните компоненти на лекот.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување на ЛИНЕСПОР® Феме**

Да се чува на температура од 2 до 8°C (во фрижидер).

Да се чува во оригиналното пакување.

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека без рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

Внатрешното упатство е одобрено на 02/2010

**Број на одобрението за ставање на лекот во промет**